| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 573/1 и КП 570/2, КО Рибарци, општина Росоман |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Ин-Пума Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Градоначалник на општина Росоман |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Елена Дракуловска, диа |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | бул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 130, Скопје<br>тел. 02/2461-451 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Основно барање при изработка на Урбанистичкиот проект е да се изврши планско, програмско и нормативно разработување на градежната парцела за која нема изработено урбанистичка документација. Основа за изработување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 573/1 и КП 570/2, КО Рибарци, Општина Росоман ќе претставува постојната состојба за предметниот проектен опфат и условите за планирање на просторот.<br>Изработувањето и донесувањето на Урбанистички проект е во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004 год. од Собранието на Република Македонија. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Вкупната површина на проектниот опфат изнесува: 0.8713 ха. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Основна цел на Урбанистичкиот проект е да се изврши планско, програмско и нормативно разработување на градежна парцела за која нема изработено урбанистичка документација. Со Урбанистичкиот проект се разработува земјиште од | | | |

| |
|---|
| локално значење вон населено место и вон опфат на урбанистички план, за кој не постојат услови и економска оправданост за донесување на урбанистички план.<br>Со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 573/1 и КП 570/2, КО Рибарци, Општина Росоман, се обезбедуваат услови за планирање на просторот за градба, која ќе биде реализирана од страна на корисниците на земјиштето. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2023 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 10 години. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Проектниот опфат за предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 573/1 и КП 570/2, КО Рибарци, Општина Росоман е дефиниран според границите на катастарските парцели кои ги опфаќа - КП 573/1 и КП 570/2, КО Рибарци, Општина Росоман.<br>Опфатот на Урбанистичкиот проект е дефиниран во следните граници:<br>• на запад границата се движи по западната граница на КП 573/1 и КП 570/2<br>• на север граничи се движи по северната граница на КП 570/2<br>• на исток границата се движи по источната граница на КП 570/2 и КП573/1, односно со регионалниот пат Росоман – Кавадарци Р1107<br>• и на југ границата се движи по јужната граница на КП573/1.<br>Согласно опишаните граници за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 573/1 и КП 570/2, КО Рибарци, Општина Росоман, вкупната површина на проектниот опфат изнесува 0.8713 ха. |


574/2
573/1
1.1
А3.3
H=12.50m
П+3
573/3
573/2
156.20
P6.0
570/3
ПРИСТАПНА УЛ. 1
А3.3
H=12.50m
П+3
570/4
570/5
H=4.00m
П
570/2
А3.3
H=12.50m
П+3
572
А3.3
H=12.50m
П+3
159.70
160.30
1.98%
ПРИСТАПНА УЛ. 2
КОН ПРИСТАПНА УЛИЦА
570/1
568
569
567


189
165
Росоман
РОСОМАН
138
Згради за времен престој
на стари немоќни лица
193
Црна Река
РОСОМАН
Рибарци
РИБАРЦИ
169
Бандерата
217
Турски Рид

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не √ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Од спроведеното истражување на стратешките документи на општината за состојбите во животната средина, најосетливи елементи од имплементацијата на планот се очекува да бидат во управувањето со отпадот имајќи во предвид намената, но тоа е во мал обем, бидејќи досегашното искуство со собирање на отпадот е позитивно, локалитетот ќе биде инфраструктурно решен со водоводна и фекална инфраструктура.<br>Во фазата на градба потребно е изготвување на план за управување со отпадот во форма на добра градежна практика која мора да опфати примарна селекција и правилно одлагање на создадениот отпад (градежен шут-инертен отпад, комунален отпад). | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржината во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, несоодветно управување со санитарните отпадни води од вработените на објектот, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, пределот и сл. Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем** | Росоман е лоциран во рабниот дел на Кавадаречкото |

| | |
|---|---|
| **на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | поле кое претставува дел од Тиквешката котлина, со долинско проширување на реката Луда Мара на надморска височина од 240-300 м. На југ се издига раскршениот ридчест простор сепариран со текот на Луда Мара.<br>Општината се состои од 10 населби. Сите се низински освен населбата Мазен Ораовец, која се наоѓа од апсолутна надморска височина од 570 метри.<br>Во нив живеат 4141 жител. Густината на населеност изнесува 31 жител на еден км, со што се вбројува во ретко населените во државата.<br>Според последниот Попис од 2002 година, во селото Рибарци живееле 41 жител. Селото е мало по големина со негативен популациски биланс. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Новопредвидените активности во планскиот опфат ќе бидат извори на емисии на бучава, прашина и отпад во фазата на изградба, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласност со националното законодавство. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на овој план, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во границите на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во рамките на границите на проектниот опфат земјиштето е изградено со намена А1.1 – Домување во куќи на КП 570/2 и неизградено земјиште на КП 573/1, КО Рибарци, Општина Росоман. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Нема. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.<br>Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, отварање нови работни места. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Не. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**<br>Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот ќе допринесе за развој во општина Росоман, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.<br>Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во планираните објекти;<br>Вода: на предметната локација нема да се генерираат отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со отпад генериран во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот, начинот на греењето на објектот, неправилно |

| |
|---|
| постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.<br>Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>До сега, за предметната локација не е донесен плански документ, поради која причина сите влезни параметри при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области се базираат на Просторниот план на Р. Македонија. Овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РМ;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставт до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Овој проект спаѓа во Уредба за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот е и градоначалникот на општините во градот Скопје (Сл. Весник на РМ бр. 32/12), Прилог 1, Точка X |

| | |
|---|---|
| Инфраструктурни проекти, потточка 5 Градби за социјална заштита. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>**Стојан Николов** |
| Бр. 12-443/8<br>Датум: 15.12.2023 година<br>Место: Општина Росоман | М.П. |